**20260290422**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И КОНКУРЕНТНОСТА НА МИКРО, МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за развој на претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија и занаетчиите.

Средствата во износ од 16.340.000 (шеснаесет милиони и триста и четириесет илјади) денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, раздел 10001 Министерство за економија и труд, Програма Д, Потпрограма ДГ–Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставка 462 и ставка 464, наменети за развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчии.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за реализација на оваа програма, ги распределува Министерството за економија и труд.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

МЕРКА 1. Финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија и занаетчии за набавка на нови машини и алати во вкупен износ од 11.340.000 денари.

Предмет на мерката 1 е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија и занаетчии, преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000 денари вкупно по апликант, направени за набавка на нови машини и алати.

МЕРКА 2. Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и конкурентноста на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиството во вкупен износ од 5.000.000 денари.

Предмет на мерката 2 е кофинансирање на проекти на фондации, здруженија и занаетчиски комори кои се однесуваат на нефинансиска поддршка за развој и промоција на претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија и занаетчиството преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на проект, но не повеќе од 300.000 денари по апликант за следните приоритетни области:

- зелена економија;
- електронска трговија;
- пристап до финансии и алтернативни форми на финансирање;
- интернационализација;
- циркуларна економија;
- дигитализација на процесите;
- вештачка интелегенција;
- женско претприемништво;
- социјално претприемништво и
- развој на занаетчиството.

Член 3

Доделувањето на средствата од мерките од член 2 од оваа програма ќе се изврши преку објавување на јавни повици на веб страницата на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk.

Член 4

Поединечниот одобрен износ на средства за кофинансирање на секој апликант за мерката 1 утврден согласно член 2 од оваа програма може да биде изменет односно процентуално намален, доколку вкупно одобрениот износ на средства за субвенционирање на сите апликанти кои ги исполнуваат предвидените услови во Јавниот повик го надминува планираниот износ на средства за реализација на мерката 1 од член 2 од оваа програма.

Процентот на рамномерно намалување на поединечниот одобрен износ на средства за кофинансирање на секој апликант ќе се утврди во зависност од разликата меѓу потребните и расположливите средства за субвенционирање.

Член 5

За реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија и труд.

Министерството за економија и труд, заклучно со 31 март 2027 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и наменско користење на средствата.

Член 6

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1066/9
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.